**20130821835**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 мај 2013 година.

Бр. 07–2287/1
31 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12 и 15/13), во членот 17-и став (1) по зборовите: “други државни органи” се става запирка, а зборовите: “или институции” се заменуваат со зборовите: “институции и јавни претпријатија основани од Република Македонија”, а по зборовите: “раководното лице на институцијата” се става запирка и се додаваат зборовите: “односно на јавното претпријатие основано од Република Македонија”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.